Македонска академија на науките и уметностите
бул. „Крсте Мисирков“ 2, Скопје, Република Северна Македонија
тел.: + 389 02 3 235 400; факс: + 389 02 3 235 500
е-пошта: manu@manu.edu.mk

Македонската академија на науките и уметностите – Секретаријат на Академијата, распишува

арх.бр.02-1873/1
дата 01.09.2023

# ЈАВЕН ОГЛАС

за вработување на четири лица на неопределено време во Секретаријатот на Македонската академија на науките и уметностите

**1.** 1 (еден) *раководител на Сектор за правни, стручно-административни и општи работи*

Покрај **општите** услови за вработување:

- Да е државјанин на Република Северна Македонија,
- Да е полнолетен,
- Да има општа здравствена способност, и
- Да не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана за вршење професија, дејност или должност

Кандидатите треба да ги исполнуваат и следните **посебни** услови:

- Високо образование, ниво на квалификации VIA, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1 степен, Правен факултет или магистратура ниво на квалификации VII, 300 кредити според ЕКТС или завршен VII2 степен,
- најмалку 5 години работно искуство во струката,
- способност за раководење,
- оспособеност за работа со компјутер,
- исполнувањена условите за поседување на национален безбедносен сертификат со степен „државна тајна“, и
- познавање на еден светски јазик.

Висината на основните месечни нето примања за наведеното работно место изнесува 41.989 денари, односно 63.403 денари бруто. Платата може да биде променлива.

**2.** 1(еден) *раководител на Оддел за финансиски прашања*

Покрај општите услови за вработување од точка 1 на овој јавен оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните **посебни** услови:

- Високо образование, ниво на квалификации VIA, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII1степен од областа на економијата или магистратура, ниво на

квалификации VII, 300 кредити според ЕКТС или завршен VII2степен,

- најмалку 4 години работно искуство,
- оспособеност за работа со компјутер,
- познавање на еден светски јазик.

Висината на основните месечни нето примања за наведеното работно место изнесува 34.057 денари, односно 51.163 денари бруто. Платата може да биде променлива.

**3.** 1 (еден) *соработник за јавни набавки*:

Покрај општите услови за вработување од точка 1 на овој јавен оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните **посебни** услови:

- ниво на квалификации, најмалку 180 кредити според ЕКТС, односно завршен VI/1 степен на образование (а најмногу до степен на магистратура),
- соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки,
- најмалку една година работно искуство во струката,
- способност за работа со компјутер

Висината на основните месечни нето примања за наведеното работно место изнесува 27.978 денари, односно 41.779 денари бруто. Платата може да биде променлива.

**4**. 1 (еден*) референт-сметководител*

Покрај општите услови за вработување од точка 1 на овој јавен оглас, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните **посебни** услови:

- Средно образование, средно ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование, економска насока,
- оспособеност за работа со компјутер

Висината на основните месечни нето примања за наведеното работно место изнесува 22.290 денари, односно 33.003 денари бруто. Платата може да биде променлива.

**5**. Неделното работно време е од понеделник до петок, од 07 до 15 часот.

**6**. Заинтересираните кандидати потребно е да достават:

-лична биографија (CV)

- мотивационо писмо на македонски јазик,

- докази за исполнување на општите услови (уверение за државјанство и уверение дека не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана за вршење професија, дејност или должност),

-докази за исполнување на посебните услови: диплома за завршен степен на

образование кое се бара за работното место, доказ за работно искуство, доказ за оспособеност за работа со компјутер

**7.** Документите се поднесуваат во оригинал или во копија заверена на нотар.

**8**. Со сите пријавени кандидати кои ги исполнуваат условите за наведеното работно место ќе се спроведе поединечно интервју.

**9.** Изборот ќе се изврши во рок согласно член 23 став 2 од ЗРО.

**10**. Јавниот оглас трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето, заклучно со 11 септември 2023 година, а пријавите со потребните документи се поднесуваат на адреса: Македонска академија на науките и уметностите, Бул. „Крсте Мисирков“ бр. 2 - Скопје, лично или препорачано по пошта. Лице за контакт: Анета Јовановска, тел. 02 3235 400

**11**. Некомплетни и ненавремено доставени документи нема да се разгледуваат.

Македонска академија

на науките и уметностите

Претседател,

акад. Љупчо Коцарев

Македонска академија на науките и уметностите • Скопје •